Бс акта - Ar 1001
Рок на чување 10
20 г. Потпис
Скопје

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 16.05.2022
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 2012 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 21 и 26 април 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 мај 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 и на 26 април 2022 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*став 6 - програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување; став 7 - во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор).*

Прекршувањата се направени во три емисии емитувани на програмскиот сервис на 21 и на 26 април 2022 година, и тоа: во „*Манџа*“, забавно-документарно, кулинарско шоу; во „*По дома со ...*“, информативна, тематски специјализирана емисија за здравство; и во говорното-шоу „*Вип сезона*“. Пласираните производи, директно вклучени во дејствијата/сценаријата на емисиите, посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување во емисиите „*По дома со ...*“ и во „*Манџа*“, со што е направен прекршок на член 55 ставови 6 и 7, а во емисијата „*Вип сезона*“, пласираниот производ претерано визуелно се истакнува, со

што е направен прекршок на член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во изданијата од 21 и од 26 април на информативната емисија „*По дома со ...*“, специјализирана за тема – „здравство“, прекршувањата се направени преку разговори со Сашко Дрвошански, нутриционист - главен менаџер на грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи“ („Natura therapy“) и со д-р Катерина Адамова, субспецијалист - ендокринолог.

| **Наслов на емисијата и опис на содржината** | **Датум** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| Во информативната, тематски специјализираната емисија за здравство - „По дома со ... Билјана“, премиерно емитувана на 21 април 2022 г., **промотивно се препорачува „Дијабетол Форте“, производ од „Натура терапи“.** | 21 април | 09:45:22 | 10:02:54 |
| Во информативната, тематски специјализираната емисија за здравство - „По дома со ... Јелена“, премиерно емитувана на 26 април 2022 г., **промотивно се препорачува „Алерго Протект“, производ од „Натура терапи“.** | 26 април | 09:46:35 | 10:01:39 |

**Визуелно**, промотивното препорачување е направено:

- со измена на среднокрупни и на многу крупни/детални планови на снимање на производите - **„Дијабетол Форте“ и „Алерго Протект“,** со што посебно промотивно се истакнуваат препознатливите трговски марки и препознатливата амбалажа, а производите се поставени и како централен, фронтално и континуирано сниман објект на студиската сценографија каде што се одвива разговорот;
- со употреба компаративни / суперлативни тврдења за нутритивната корист од производот;
- за време на разговорот, како дополнителна, промотивна визуелна референца, се појавуваат и поп-ап / реклами на поделен екран за операторот со храна „Натура терапи“, со времетраење до 20 секунди;

**Вербално**, промотивното препорачување на **„Дијабетол Форте“ и на „Алерго Протект“**, е направено:

- со здравствени тврдења (ин)директно поврзани со карактеристиките / состојките од производите (*„Дијабетол Форте“ и „Алерго протект“*), било преку исказите на гостите во емисијата било преку промотивни референци од водителките на емисијата;
- со тврдења за нутритивна и/или здравствена корист од производот;
- со посочување на тековни попусти на производот;

- со упатување на достапноста на производот;
- со посочување контакт-телефон и електронска / адреса на операторот со храна;
- прашањата што водителките на емисијата им ги поставуваат на Дрвошански и на д-р Адамова, ги сведуваат разговорите на содржини со промотивна комерцијална цел.

***<u>Цитати</u>*** (буквален транскрипт) од премиерните изданија (21 и 26 април 2022 г.) на информативната, тематски специјализирана емисија - „По дома со ...", во прилог на противзаконското, прекумерно, посебно промотивно препорачување:

**<u>21 април 2022 г. - „По дома со ... Билјана"</u>**

*<u>Водителка</u>: „Дијабетол Форте" е препарат со специјална медицинска намена за диететско регулирање на шеќерот во крвта, ги содржи овие состојки коишто Вие ги набројавте (екстракт од горчлива диња; екстракт од цимет; минерали и витамини, цинк и хром – н.з.), а достапен е и на нашиот пазар. Како на природен начин помага и какви се искуствата досега, кај кои лица како успева да го регулира шеќерот во крвта, и поединечно некогаш, а и некогаш и придружно со терапијата таблетарната којашто ја користат?"*

<u>д-р Катерина Адамова</u>: „Дијабетол Форте" е регистриран како додаток, значи со посебна медицинска намена. Меѓутоа, секогаш мораме да кажеме дека прво и единствено пациентот се советува, значи, за соодветна диета, да се придржува на својата терапија доколку ја има, а доколку се работи за пациент којшто штотуку е дијагностициран со дијабетес, „Дијабетол Форте", односно овие активни супстанци коишто ги спомнав (*претходно во емисијата - з.н.*) би можеле навистина да помогнат во стабилизирање на состојбата, посебно уште повеќе ако се работи за пациент со предијабетес."

*<u>Водителка</u>: „Искуствата најдобро говорат, нели, кога веќе нешто ќе се применува како на природен начин."*

<u>д-р Катерина Адамова</u>: „Тоа што можам да кажам од моето скромно искуство последниов период е дека пациентите коишто се, коишто ја примат терапијата со „Дијабетол Форте" и дополнителната терапија секако, имаат намалување на холестеролот и триглицеридите. Искуството е мало, се надеваме на поголемо искуство, меѓутоа она што можам да го кажам дека сега-засега навистина сум задоволна, намалување на гликемијата и на липидите кај овие пациенти."

*<u>Водителка</u>: „Потсетување за нашите гледачи дека компанијата „Натура Терапи" има специјална велигденска промоција за препаратот „Дијабетол Форте", така што со јавување на телефонскиот број 070 230 720 во Центарот за грижа на корисници ќе имате можност да си ги обезбедите овој производ и препарат за добра контрола на шеќерот во крвта и да ја искористите оваа велигденска промоција."*

**26 април 2022 г. - „По дома со ... Јелена“**

*Водителка: „Е, сега, зборуваме за стандардна терапија, но верувам дека секогаш тука нешто плус може да има затоа што луѓето во последно време некако повеќе посегнуваат кон природата и бараат природни решенија за нивните здравствени проблеми, конкретно ако зборуваме за алергија?“*

Сашко Дрвошански: „Последните децении има интензивни истражувања и откриени се доста состојки во природата, билни екстракти коишто можат да помогнат на тој начин. На пример, тоа е гелот од алое вера, екстракт од коприва, брумелаинот којшто е ензим којшто доаѓа од ананасот, понатаму, дивиот ѓумбир, црниот кардемон, а.... специјална група на чемпреси, посебно кинеската туја, тоа се сè билни екстракти, кварцетинот исто така е полифенол којшто има антиалергиско дејство, коишто во принцип можат да помогнат да се смират алергиските реакции. И, токму да кажеме, еве тие како билни состојки се искомбинирани и веќе постојат природни препарати како што е „Алерго протект“ коишто можат да помогнат во справување со алергиите.“

*Водителка: „Денеска ќе зборуваме токму за овој „Алерго протект“ којшто го имаме веќе тука, тоа е исто билен екстракт за којшто зборуваме. Како делува точно на организмот?“*

Сашко Дрвошански: „Алерго протект“ е хербален препарат којшто е регистриран со посебна медицинска намена за смирување на имунолошките реакции на телото при алергии. Значи, токму наменет е за луѓето коишто имаат алерги и претставува комбинација на сите овие билни екстракти коишто ги спомнав, коишто во науката се испитани, коишто имаат докажани антиалергиски дејства, а неговата употреба помага да се спречи појавата на алергии или да се смират алергиите на повеќе начини. Благодарение на витаминот Д којшто го содржи, тој делува да се смири, да се регулира имуниот систем подобро, значи, да се смири неговата реактивност, да не се јавува таа реакција толку брзо. Понатаму, билните екстракти помагаат и во намалување на продукцијата на ИГЕ антителата, тие се токму тие антитела коишто се врзуваат за алергените и ги предизвикуваат понатаму алергиските реакции како имунолошка реакција во телото, значи да се намали продукцијата на антитела, да се намали продукцијата на хистамин, да се стабилизираат масклетките, да се намали ослободувањето на хистамин, едноставно кажано, тоа значи, да го смират имунолошкиот одговор на телото, дури и кога е во контакт со алергените тој да не избувнува. Да не го активира тоа воспаление и таа алергиска реакција, а со тоа значи да не се активираат оние симптоми - течење на носот, чешање на очите и така натаму. Така што, на природен начин, безбеден начин, без несакани ефекти, но доста ефикасно успева да ги смири или да помогне на луѓето да се справат со алергиите.“

*Водителка: „Каква е терапијата, како се користи?“*

Сашко Дрвошански: „Препорачано е да се користи 3 пати на ден по 10 мл. или може 2 пати на ден по 15 мл. Сите над 15 годишна возраст може да го користат. Како што кажав, она што е убаво и предност на препаратот е што тој може да се користи дури и превентивно. Најдобро е уште на почетокот на сезоната на алергии, уште пред да се појават реакциите да се земе и безбедно може да се употребува во текот на целата должина на сезоната на алергии, или пак, они кога ќе почуствуваат дека ќе им се јават првите алергиски реакции доколку го земат ќе почуствуваат за само неколку дена нивно смирување. И она што е, еве сега, бидејќи навистина сме во периодот кога се навистина

и времето се затопли, концентрациите на полен се веќе многу големи, многу е убаво да кажеме луѓето да се обидат на природен начин со помош на „Алерго протект“ да ги смират алергиите. А, во моментот има. Сите оние што и во Центарот за грижа на корисниците на Натура терапи ќе се јават на 070 230 720, има специјална велигденска промоција да кажаме, така што можат всушност сетот две плус две пакувања гратис, да по многу убава промотивна цена да ги добијат.“

<u>Водителка</u>: *„Ете, браво. Одлична причина да го искористите овој попуст, да си го нарачате овој производ. Тоа беше моето следно перашање на коешто делумно одговоривте. Кога е вистинското време да се започне со овој производ, но...?“*

<u>Сашо Дрвошански</u>: „Најдобро уште пред да се јават реакциите или еве на самиот почеток, така ќе се, за најкратко време ќе се воспостави најдобра контрола, но може во било кој период на годината доколку луѓето и си ја користат онаа антихистаминска терапија, комплементарно, заедно со неа да го користат „Алерго протект“, за да ги смират тегобите.“

<u>Водителка</u>: *„И за самиот крај сакам да ве прашам какви се искуствата на луѓето затоа што ова е еден од најпродаваните производи како што знам, и барем по она што го читам по социјалните мрежи, по форумите, дека луѓето се многу задоволни од производот?“*

<u>Сашко Дрвошански</u>: „Имаме навистина одлични искуства, веќе имаме многу повратни реакции за луѓе коишто го земале и кажуваат дека, како што напоменав, во рок од само неколку дена, да речеме од 2 до 4 дена, кај најголем број луѓе веќе чуствуваат видно смирување на тегобите, а она што најмногу ми се допаѓа, што е навистина целосно природен безбеден за употреба, и планираат на таков начин природно со помош на „Алерго протект“ да се справат односно да ги спречат алергиските реакции коишто допрва ќе престојат бидејќи сезоната практично на алергии е на самиот почеток.“

<u>Водителка</u>: *„Она коешто е најважно за граѓаните, и за гледачите, секако да внимаваат на себе и секогаш да посегнат кон даровите коишто ни ги дава природата затоа што токму таму можеме да си го најдеме спасот, може да си го најдеме лекот, така да, ете, јас верувам дека, ете, после ова гостување на нутриционистот Сашко Дрвошански, нема воопшто да се мислите и нема воопшто да се двоумите дека ќе си го нарачате овој производ, да си помогнете самите на себе - 100% природен.“*

<u>Во изданијата од 21 и 26 април на емисијата „Манца“, жанровски определена како забавно-документарна програма, прекршокот е направен со пласирање производи од одредени спонзори, вербално и визуелно прекумерно истакнати, било со употреба на суперлативи било со среднокрупни и со многу крупни / детални планови на снимање: - на работната маса, и тоа во текот на целото време додека се подготвува храната; - на масата за стручното жири што ги оценува натпреварувачите; - и на сценографијата од импровизираната кујна.</u>

| Наслов на емисијата | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „Манџа“ – забавно-документарна емисија *(премиерно)* | 21 април | 15:31:38 | 16:18:02 |
| | 26 април | 15:32:22 | 16:36:46 |

Со измена на среднокрупни и на многу крупни / детални планови на снимање се прикажани производите и/или трговските марки на следниве спонзори:

- „Comodita“;
- „Кристал“;
- „Naturales“;
- „Olympus“;
- „FINO“;
- „Plazma“;
- „Жито Полог“.

Целината на емисијата е доминантно снимена низ среднокрупни планови, а деталните / многу крупните планови на снимање се применуваат било при прикажувањето непосредна употреба на одреден производ било при негово споменување во прилог на промотивно препорачување на спонзорот.

Доминантната употреба на среднокрупни планови на снимање овозможува постојано прикажување на препознатливите трговски марки на одредени производи од спонзорите на емисијата, затоа што тие производи се фронтално поставен дел од сценографијата – работната маса и полиците од импровизираната кујна;

<u>Примери за прекумерно промотивно препорачување:</u>

***<u>Цитати</u>*** (буквален транскрипт) од: - искази/дијалози на водителката, натпреварувач и член на стручното жири во емисијата „Манџа“, извадени од изданието емитувано на 26 април 2022 година:

**<u>*1. Охридско макало во тегла*</u> - производ на Александар Богоевски, член на стручното жири;**

<u>*Водителката*</u>*: „Александар, освен тоа што се занимавате со кулинарство многу, правите и едно совршено охридско макало од лук. Велам совршено затоа што јас го вкусив, тоа е тоа, и од кај идејата да правите охридско макало, а после ќе ни ја откриете тајната.“*

<u>Богоевски</u>: „Идејата дојде сама насебе, спонтано, да го објавиме дали некој би го сакал. (...) Дојде спонтано, објавивме, почнавме со 3 тегли нарачка во неделата, па сега имаме доста добра нарачка. Имаме извоз на пуштено тегли да се продаваат како домашни македонски производи во Лондон. Лани имавме доста Руси...“

*<u>Водителка</u>: – „Руси?! А, ние кај да ве најдеме? На фејсбук?“*

<u>Александар Богоевски</u>: „Може и на фејсбук - традиционално македонско макало, страницата е - *Природно 100% органско.*“

*<u>Водителка</u>: „Супер. Ммм, јас ви го препорачувам да го вкусите, затоа што навистина одличен производ за којшто повторно ќе зборуваме тука кога ќе дојдете во кујна.“*

**2. <u>*Комбинација од производи на „Comodita“ - „Bio Diamond“ и на „Кристал“ – зејтин, маргарин, зачин.*</u>**

*<u>Водителка</u>: „Откако дадовме знак на Силвана и Мартин, гледам дека веднаш се фатија за работа. Во случајот и Мартин користи ножеви на „Comodita“, чекај Мартин вака да ги покажеме, нож на „Comodita“. Исто така, и Силвана си зема нож од „Comodita“, и освен тоа што „Comodita“ имаат вакви ножеви, имат богат асортиман сериозен, на тави, на душеци, на перници, тоа можете повеќе да го видите на нивните социјални мрежи. Еве, јас ќе ги издвојам „Bio Diamond“, петте парчиња на сет за садови за готвење, коишто навистина, површината на „Bio Diamond“ садовите изработена е од матерјал кој е засилен со честички од вистински дијамантски кристали и ги употребуваат и најголемите готвачи. Штотуку стави Мартин „Кристал“ зејтин во трослојната гранитната тава од „Comodita“. Стави зејтин на „Кристал“ направен од македонски сончоглед, воедно велешки, значи велешки веќе научивме. Освен ова, јас ви го препорачувам, ако не си знаел да знаеш дека овој Кристал-маргарин е одличен, и диеталниот, и оној обичниот за подготовка на вкусни сендвичи и крцкави тостови.“*

<u>Натпреварувач</u>: „Сакам оваа прилика да ја искористам, да поздравам, да упатам еден поздрав до мојот родител, до мојот татко, којшто со неговиот тим се грижи за производство на најдобриот зејтин во Македонија.“

*<u>Водителка</u>: „Поздрав до целата екипа на „Кристал“, следната година им правиме јубилеј 100-ка, можеби со уште некој нов производ. Јас многу сум фан на овој „Еленка“, гледаш, имењаци сме со овој сув зачин.“*

*<u>Водителка</u>: „Ај да ги викнеме сега, додека вие сецкате, шефовите да ни дојдат во кујна. Александар, сосе макалото да дојдете тука. Донесете ни макалце малку, да го покажеме убаво.“*

**3. <u>*„Naturales“*</u>**

*<u>Водителка</u>: „Кога спомна салати, ги имаме нашите пријатели од „Naturales“. Домашна компанија којашто работи со домашни производи, прави вкусни оцети коишто имаат различни вкусови буквално, затоа што им се со многу мирудии, па има со лук и бибер, конкретно овој што го држам јас тука. Многу е важно дека се домашни производи и дека се спакувани во еколошка стаклена амбалажа, исто така, го имаат овој маџун без додаток на шеќер. Кога сме кај овие домашни работи, ај да зборуваме малку за домашното макало. Ај да го видиме ова, види што убаво изработено макалце. И колку најмногу имате направено или еве која е најголемата нарачка што сте ја добиле досега?“*

*Член на жирито*: *„Најголемата беше за Англија, како што спомнав. Секој, сепак може да порача, да ја проба.“*

**4. „Olympus“**

*Водителката*: *„Мартин употребува путер на „Olympus“, направен од свежо кравјо млеко.“*

Натпреварувач: „Супер. Ние и дома го конзумираме, и е стварно е многу добар. Одличен.“

*Водителката*: *„Добар е. Впрочем треба да ги конзумирате, веројатно и ги конзумирате нивните грчки јогурти како и нивното сирење. Во случајов тука имаме грчки јогурт со 2% масленост, 10% масленост и тука е традиционалното сирење зреено во саламура со многу мек вкус, исто така, имаат и фета-сирење, веќе докажано на пазарот. Тоа се „Olympus“ и гледам дека до „Olympus“ е веднаш „Жито Полог“ брашното. Тука во случајов имаме тетовско брашно екстра бело тип-400, специјално брашно за подготовка на пица од „Жито Полог“ и наменско брашно за бурек и тенки кори. Така што, домаќинки, од „Жито Полог“ имате избор за било кое брашно, за било кое сукано, месено, стасувано леб, што и да е. „Жито Полог“ нашите пријалети.“*

**5. „FINO“**

*Водителка*: *„Гледам тука дека има кружна форма, и дека кугловот е во кружна форма, па така добив идеја да ве потсетам дека имаат „FINO“ ваква хартија за печење којашто е во кружна форма, таман да не си се мачите дома да правите кружни форми со ножички. Веќе „FINO“ се сетија на тоа, така што, ви ја препорачувам оваа хартија како што ви ја препорачувам и двослојната хартија. Зашто велам двослојната, заради тоа што, од едната страна има фолија, од другата има мрсна хартија за печење што е погодна за печење, на пример, на некое фино ребро.“*

**6. „Plazma“**

*Водителка*: *„Кога сме кај десерти, „Plazma“ нашите пријатели. Имате видете колкаво големо пакување „Plazma“ за некој голем десерт, и вакво помало за нешто помало. Ама, во секој случај што и да одберете од „Plazma“ нема да згрешите. Само малку имагинација и нема кој нема да го сака во домот. „Plazma“ мелена за секој вкус.“*

Во изданијата пак, на забавното говорно-шоу „Вип сезона“ од 26 април 2022 година, реализирани како разговори со Џина Папас - Џокси и со Ибуш Ибраимовски, македонски пејачи, пласираните производи – шишиња од водата „Кожувчанка“, низ целото времетраење на разговорите беа прекумерно истакнати - и на работната кујнска маса, додека гостите приготвуваа храна, и на масата за дегустација.

| Наслов на емисијата | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| „Вип сезона“ - говорна-шоу програма (гостин: Џина Папас Џокси) | 26 април | 02:54:17 | 03:37:18 |
| „Вип сезона“ - говорна-шоу програма (гостин: Ибуш Ибраимовски) | 26 април | 04:42:25 | 05:31:10 |

За описот на прекумерното, посебно промотивно препорачување во информативната, тематски специјализирана емисија за здравство - „*По дома со ...*“ и во забавно-документарната емисија „*Манџа*“, релевантни се одредбите на точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, а за говорното-шоу „Вип сезона“, одредбите на точките: 22 и 24.

- точка 21: програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите; на производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив;

- точка 22: иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката;

- точка 23: водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги;

- точка 24: оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми:

  - *карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото;*
  - *траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето;*
  - *целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;*
  - *јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 ставови 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ

Скопје, на 21 и на 26 април 2022 година, во изданијата на забавно -документарната емисија „Манџа“, и на информативната, тематски специјализирана емисија за здравство - „По дома со ... “, пласираните производи, директно вклучени во дејствијата/сценаријата на емисиите, посебно промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, а во изданијата на говорното-шоу „Вип сезона“, емитувани на 26 април 2022 година, пласираниот производ претерано визуелно се истакнува.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи – во рок од 30 (триесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***